**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**’’СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” МАКЕДОНСКИ БРОД**



---

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

**ООУ„Св.Климент Охридски” М.Брод**

за учебната **2016/2017** година



Јули, 2017 година

Македонски Брод

## ВОВЕД

Извештајот за работа на ООУ„Св.Климент Охридски’’ од Македонски Брод е изработен според Законот за Основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2016/2017 година, Анекси на програмата кои се составен дел на Годишната програма, Записниците, извештаите и укажувањата од увидите од државниот просветен инспекторат, одговорниот советник на Бирото за развој на образованието ПЕ Прилеп, Советот на родителите и Училишниот одбор.

Целта и задачите на Извештајот за работа е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно – образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно – образовната работа во училиштето и успехот на учениците ,а воедно да укаже и на нереализираните активности и да ги констатира проблемите и тешкотиите со кои се соочувале воспитно - образовните субјекти.

## 1. УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА

Основното општинско училиште „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод е развиено основно училиште единствено во општина Македонски Брод во чиј состав работат уште седум подрачни училишта во селата Самоков, Манастирец, Брест, Црешнево, Сувидол, Требино и Косово.

### 1.1 Реализирани активности за подобрување на условите за работа

- Материјално техничка подготовка на училиштата и ДДД заштита;
- Молерисување на ѕидовите во училниците и другите простории со еко поликолор;
- Адаптација на неупотреблива просторија во современа училница во централното училиште;
- Изградба и пуштање во употреба на спортско игралиште во ППУ Сувидол;
- Оградување на училишниот двор во ППУ Брест со мрежа и бетонски ступчиња;
- Изградба и пуштање во употреба на мултифункционално игралиште во кругот на ПУ Самоков;
- Уредување на училишниот двор во Македонски Брод и во подрачните училишта;
- Набавка на наставни надгледни средства;
- Одобрени средстства од ЕКО ПАКЕТ МАКЕДОНИЈА за освоено второ место и реализација на проектот доградба на амфитеатарот на северната страна од училиштето;
- Реализација на проектот Инсталација на топловодно греење во ПУ Манастирец подржан и финансиран од бугарскиот Конзулат;
- Уредување на училишниот парк ;
- Подобрување на условите за работа на училиштето со средства собрани од одржани аукции на изработки од учениците;
- Извршена е поправка на оштетените клупи и столчиња;

- Извршен е санитарен и систематски преглед на вработените во училиштето;
- Самоиницијативно подобрување на условите за работа од страна на оделни наставници.



Во тековната учебна година беше остварена основната дејност образование и воспитание на учениците. На ниво на училиште се постигна просечен среден успех од 3,92 што е за 0,19 поголем од средниот успех од Учебната 2015/16 кој изнесуваше 3,73.

### 1.2 Приоритетни задачи за Учебната 2016/2017 година

- **Користење на компјутерите во наставата и воннаставните активности**

Оваа приоритетна задача беше реализирана во целост. Од увидот во планирањата на наставниците може да се види дека наставниците планирале часови со употреба на компјутер во зависност од наставните единици по предмети, посебно по наставните програми од Кембриџ. Директорот , помошник директорот и стручните соработници ги посетија наставниците на часови и покрај другите цели и заради согледување на зачестеноста на употреба на компјутерите во наставата. Исто така колегите меѓусебно се посетуваа, разменуваа искуства и си помагаа при реализација на часовите кога се употребуваа компјутери во наставата.

При употреба на компјутерите во наставата наставниците наидуваа на потешкотиии како што се: Недостик на Intel Clasmate компјутери за учениците од прво до трето одделение особено во Подрачните училишта, тешкотии со напојувањето на Intel Clasmate компјутерите поради несоодветна електрична инсталација, проблеми во работењето со мрежата 13+1 ( неможност од приклучување на USB, неможност за читање и репродукција на CD и DVD, мешање на документите, недостиг на софтвери по предмети кои треба да ги покријат наставните програми, недостаток од дополнителна компјутерска

опрема( звучници, печатачи, LCD проектори, веб камери) како нефункционалност поради застареност на компијутерите.

- **Намалување на потрошувачката на вода за 5% во периодот од 01.09 до 31.08 во споредба со претходната година**

За релизација на ова приоритетна задача наставниците интегрираа во планирањата содржани од Еко стандардот Заштеда на вода и избрани се следните точки на акција: Користење на вода од бунарот како техничка вода за наводнување на зелените површини и во казанчињата од санитарните јазли Истакнување на упатства за рационално користење на водата во училишната зграда, Формирање на еко патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на планираните активности.

Покрај планирањето наставниците ги реализираа овие содржини во текот на учебната година за што сведочат и изработки на учениците во вид на проекти проследени со летоци, известувања, цртежи, графикони, фотографии информативни книги и друго.

- **Организирање на две аукции „Од учениците за учениците’’**

Оваа учебна година беа планирани и реализирани две аукции по една во едно полугодие, едната пред новогодишните и божичните празници а другата пред Велигденските празници каде што разни изработки од учениците и нивните родители беа изложени на штандови во холот на училиштето и учениците по пат на аукција ги продаваа овие изработки.



Собраните финансиски средства од овие аукции транспарентно беа потрошени за подобрување на условите за работа во училиштето .

# 2 ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

## *2.1 Општа организација*

Училиштето наставата ја изведува во согласност со Календарот за организација и работа на училиштата во учебната 2016/17 година (сл.Весник на РМ бр.**154** од 15.08.2016г.) и Годишната програма за работа на училиштето.

Учебната година започна на 1 септември 2016 г.а заврши на 31 август 2017г. и се реализирани вкупно 180 наставен ден.

Наставната годниа започнува од 1 семетмври 2016, а завршува на 9 јуни 2017 година.

Во централното училиште и во сите подрачни училишта наставата се изведуваше во една смена и часовите започнуваа во 08 часот. Во училиштето во Учебната 2016/17 година беа запишани вкупно 501 ученици,од кои испишани се три ученика, а учебната година ја завршија 498 распоредени во 36 паралелки ( 25 чисти, 10 комбинирани и една паралелка продолжен престој). Во централното училиште во Македонски Брод работеа вкупно 19 паралелки и тоа 10 во одделенска, 8 во предметна и една паралелка продолжен престој за учениците од прво до трето одделение. Во подрачните училишта работеа 17 паралелки од кои 11 во одделенска настава (4 Самоков, 2 Манастирец, и по една во селата Брест, Црешнево, Сувидол,Требино и Косово), и 6 паралелки предметна настава ( 4 Самоков и 2 Манастирец).

***ПРЕГЛЕД***

на бројот на ученици и паралелки

| *Одделенија* | *Број на паралелки* | *Број на ученици по паралелки* | | | | | | *Број на ученици* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | *ВКУПНО* |
| *I* | 3 | 18 | 18 | 5 | 2 М | 1Б<br>2К<br>1Ц | 2 Т<br>3Сув. | 52 |
| *II* | 2 | 23 | 24 | 9 | **3М<br>1Б<br>1Ц** | **2Т<br>3СУВ.** | | 66 |
| *III* | 3 | 22 | 24 | 9 | **4М<br>2Б<br>4Т** | **4СУВ.** | | 70 |
| ***I - III*** | **8** | */* | */* | */* | | | | **188** |
| *IV* | 2 | 20 | 21 | **4** | **4М<br>1Б<br>1Т** | **5СУВ.<br>1К<br>1Ц** | | 58 |
| *V* | 3 | 20 | 19 | 8 | 2М<br>2Т | 1СУВ<br>1Ц | | 53 |
| *VI* | 3 | 16 | 18 | 13 | 4М | | | 51 |
| ***IV-VI*** | **8** | | | | | | | **162** |
| *VII* | 3 | 19 | 19 | 8 | 5М | | | 51 |
| *VIII* | 3 | 19 | 18 | 7 | 5М | | | 49 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IX | 3 | 19 | 20 | 4 | M5 | | | 48 |
| **Вкупно VII-IX** | **9** | | | | | | | **148** |
| **Комбин.I-V** | **8** | **11Тре** | **16-Су** | **15-М** | **4-Ц** | **13-С** | **5-Б 4 К** | **68** |
| **Ком.**VI-VII; | 1 | **9Ма** | | | | | | |
| **Ком.**VIII-IX; | 1 | **10Ма** | | | | | | |
| **Продолжен** | 1 | | | | | | | |
| **Вкуп. I-IX** | **36** | | | | | | | **498** |

## 2.2Настава

Наставата во училиштето се изведуваше во согласност со Наставниот план и програма за деветгодишно образование за учениците од прво до деветто одделение, и Годишната програма за работа на училиштето. Сите наставници во одделенска и предметна настава на почетокот на септември 2016 година имаа изготвено Глобални (годишни или перспективни) планирања по предмети и теми со временска рамка за соработка на темите и дидактичко методски подготовки за наставните часови во текот на целата наставна година. Во училиштето беа реализирани следните видови настава:

- настава по задолжителни предмети
- настава по изборни предмети
- дополнителна настава
- додатна настава
- слободни ученички активности
- настава во продолжен престој

### 2.2.1 Настава по задолжителни предмети

| Наставни предмети | Неделен фонд на часови | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| Македонски јазик | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 44 |
| Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 42 |
| Англиски јазик | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 25 |
| Француски јазик- втор | | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| Ликовно образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 14 |
| Музичко образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 14 |
| Природни науки. | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | 12 |
| Техничко образование | | | | 1 | 2 | 1 | | | | 4 |
| Работа со компјутери и основи на програмирање | | | 2 | 2 | | | | | | 4 |
| Информатика | | | | | | 2 | 1 | | | 3 |
| Општество | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | | | | | 7 |
| Географија | | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| Историја | | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| Етика | | | | | | | 1 | | | 1 |
| Граѓанско образование | | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| Биологија | | | | | | | 2 | 2 | 2 | 6 |
| Физика | | | | | | | | 2 | 2 | 4 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хемија | | | | | | | | 2 | 2 | 4 |
| Иновации | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Физичко и здрав обр. | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 27 |
| Час на одд.заедница | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 |
| ***ВКУПНО:*** | **23** | **24** | **27** | **28** | **27** | **29** | **27** | **30** | **31** | **246** |

Наставата по задолжителните предмети беше реализирана во целост без накои посериозни тешкотии. Се користеа современи методи, компјутерите, СМАРТ табла и голем број на нагледни средства.

### *2.2.2 Изборна настава*

Учениците од петто одделение за изборен предмет го изучуваа Работа со компјутер со два часа седмично со цел подршка на проектот „Компјутер за секое дете” а паралелно со него во IV и Vодделение поголем дел од паралелките со еден час неделно го изучуваа и изборниот предмет Творештво.

Во месец Мај 2016 година училиштето изврши презентација и спроведе анкета со понудени изборни предмети за учениците од VI,VII,VIII и IX одделение и беа избрани следниве предмети:

VI одд. (ПУ Самоков и Манастирец) - **Запознавање со религиите-2 часа**
VI/одд.(Мак. Брод) - **Класична култура на европската цивилизација 2часа**
VII одд. - **Нашата татковина 2 часа**
VIII одд. - **Истражување на родниот крај - 2 часа**
IX одд. – **Проекти од ликовна уметност – 2часа (Самоков и Манастирец)**
IX одд - **Проекти од информатика - 2 часа (Македонски Брод)**

Извршена е презентација и за избор на задолжителен втор странски јазик за шесто одделение и од спроведената анкета е избран Француски јазик.

Наставата по сите изборни предмети беше во целост реализирана.

***2.2.3 Дополнителна настава*** се реализираше со учениците кои имаа потешкотии со учењето и заостануваа по поодделни предмети во рамките на задолжителната настава, имаа по најмалку две слаби оценки, отсуствувале од настава по одреден наставен предмет и по барање на ученикот односно неговиот родител / старател/. Уште на почетокот на учебната година до 20 Септември сите наставници изработија програма за дополнителна настава и беше изработен и истакнат распоред за одржување на дополнителна настава за сите наставници и за секој одржан час по дополнителна настава наставниците имаат поднесено извештај до Педагошко – психолошката служба. Оваа настава се изведуваше во текот на целата учебна година со учениците од II – IX одделение .

***2.2.4 Додатна настава*** се реализираше со учениците кои постигнуваат посебни резултати по поодделни предмети со учењето и напредуваат во рамките на задолжителната настава. На почетокот на учебната година до 20 Септември сите наставници изработија и доставија програми за одржување на додатна настава и беше изработен и истакнат распоред за одржување на додатната настава за сите наставници, а за секој одржан час наставниците имаат поднесено извештај до педагошко – психолошката служба. Оваа настава се изведуваше во текот на целата учебна година со учениците од II – IX оделение .

### *2.2.5 Продолжен престој*

Во согласност со Законот за Основно образование ( Сл. весник на РМ бр.103 од 19 август 2008г. ) , по извршена анкета на родителите, а потоа и поднесено барање од нивна страна, училиштето организираше продолжен престој за учениците. Продолжниот престој одлично функционира во рамките на училиштето, се организира во една смена со еден реализатор за ученици од прво до трето, а исто така беа прифатени ученици до деветто одделение кои секојдневно патуваат од местото на живеење до училиште и обратно.

Активностите се реализираа според програмата за продолжниот престој:
- пишување на домашни задачи;
- учење на наставниот материал
- учество во културно уметнички програми




-слободни ученичи активности (ликовна, музичка, литературна, спортска секција, учество во еко-акции и др.)
- англиски јазик и компјутери

Воспитно – образовната работа ја реализираа 48 наставници(22 одделенски и 26 предметни ), педагог, психолог,дефекотлог, библиотекар, 2 раководители на ПУ, помошник директор и директор. Наставата се изведува во 36 паралелки од кои 25 чисти (од кои 13 паралелки во одделенска и 12 паралелки во предматна настава),10комбинирани паралелки (од кои 8 во одделенска и 2 во предметна настава) и една паралелка во продолжен престој.

## *2.3 Воннаставни активности*

Оваа учебна година училиштето за задоволување на потребите и интересите на учениците и создавање на пријатно место за престој и работа во училиштето респектирајќи ги афинитетите и желбите на учениците , планираше, организираше и реализираше голем број на вонаставни активности и тоа:

2.3.1 Слободни ученички активности

2.3.2 Проектни активности

2.3.3 Ученички натпревари
2.3.4 Ученички екскурзии
2.3.5 Општествено – корисна работа со учениците,
2.3.6 Работа на заедниците на учениците

### *2.3.1 Слободни ученички активности*

Слободните ученички активности се реализираа според Годишната програма за работа на училиштето и Програмите за работа на слободните ученички активности. Формирањето на секциите за слободни ученички активности започна во септември. Учениците рамномерно беа распоредени според своите интереси и способности во секциите и на тој начин ги реализираа зацртаните програми. Како проблем се јави недостаток на време за реализација поради големиот фонд на часови како во одделенска така и во предметна настава. Еден дел од овие активности беа претставени пред локалната јавност по повод значајни историски настани, приемот на првачињата во детската организација, Костенијада 2016, денот без насилство, Денот на училиштето, Новогодишна претстава, Новогодишен базар, Велигденски базар.

Во согласност со Годишната програма за работа во училиштето беа реализирани и проекти по одделенија односно по еден проект со учениците од шестите и седмите одделенија и по два проекти со учениците од осмите одделенија.

Согласно со Планот и програмата за работа во учебната година 2016/2017 планирани се две екскурзии од наставно – научен карактер со учениците од прво до деветто одделене на ден 29.09.2016 година и на 22.04.2017 година, во блиската околина на Македонски Брод и екскурзии низ дел од нашата Татковина. Екскурзиите се планирани и реализирани во месеците септември и мај.

Целта на ексурзиите се стекнување на нови сознанија од природата, екологијата, рекреирање, јакнење на другарски односи, стекнување на нови другарства и почитување на истите.

Од Слободни ученички активности во текот на учебната година беа реализирани следните:

| ***Ред. Бр.*** | ***Слободни активности*** | ***Одговорен наставник*** |
|---|---|---|
| ***1.*** | Литературна секција | Јасмина Трајаноска<br>Јагода Стефаноска |
| *2.* | Новинарска секција | Васе Силјаноски |
| *3.* | Библиотекарска секција | Гоце Глигуроски |
| *4.* | Млади математичари | Милисав Димоски<br>Богоја Стојаноски<br>Јасмина Батанџиоска |
| *5.* | Млади физичари | Богоја Стојаноски<br>Елизабета Милошеска |
| ***6.*** | Еколошка секција | Васка Димоска<br>Бошко Јандрески |
| *7.* | Млади географичари | Милован Масевски<br>Коце Богданоски |
| ***8.*** | Млади историчари | Владе Угриноски<br>Коце Богданоски |

| | | |
|---|---|---|
| | | Бранко Димоски |
| *9.* | Клуб за англиски јазик | Ирена Кулеска<br>Мирјана Станоеска<br>Наташа Когој<br>Наташа Стојковска |
| *10.* | Љубители на Француски јазик | Гордана Трајаноска<br>Соња Димоска |
| *11.* | Сообраќајна секција | Стојан Милошески |
| *12.* | Клуб за техничка подршка | Бобан Јандрески |
| *13.* | Ликовна секција | Славко Тренкоски |
| *14.* | Спортска секција | Илија Лозаноски<br>Јовица Блажески |
| *15.* | Музичка секција | Златко Ристески |

Опфатеноста на учениците во слободните ученички активности е на високо ниво, традиција што и во иднина треба да продолжи. Постигнати се високи разултати на Училишните, меѓучилишните, Регионалните и Државните натпревари со што се потикнуваат учениците за уште поголема активност и желба за успех. И оваа учебна година, при одбележувањето на патрониот празник беа поканети и училишта од соседните општини од кои гости ни беа од партнер училиштето за меѓуетничка интеграција Пере Тошев од с. Десово. Кочо Рацин од Прилеп, Страшо Пинџур од Мало Коњари и Христо Узунов од с.Другово кои ни го збогатија денот на училиштето преку литературно читање и ликовно творење. За најдобрите ученици училиштето обезбеди и скромни награди.

Успешното претставување на училиштето на јавните и културни манифестации претставува надградување на учениковиот лик и потик за неговото понатамошно експонирање.

### *2.3.2 Проектни активности*

Беа реализирани проекти по одделенија така што со шестите одделенија беа реализирани по два проекти еден во првото и еден во второто полугодие а со седмите и осмите одделенија беа реализирани по четири проекти по два во првото и по два во второто полугодие. За реализација на овие проекти беа изготвени програми и поднесени извештаи до Педагошко- психолошката служба.

### *2.3.3 Ученички натпревари, конкурси и други форми на натпревари*

Од овој вид на активности во текот на оваа учебна година беа организирани:

***Ученички натпревари:***

- **Училишни натпревари:**
- Македонски јазик

**Литературен натпревар по македонски јазик на тема:**

„Кирил и Методиј - Првите учители” 1-3 одд.

“Свети Кириле го славиме твојот светол пат” 4- 6 одд .

“Мисоинерската дејност на сесолвенските просветители” 7-9 одд.

Литературен натпревар по повод патрониот празник

„ Св. Климент, учител наш„ -за прво-трето одд.
„ Земен ангел, а небесен човек, Св. Климент„ - за ученици од 4-6 одд.
„ Учениците на Св. Климент го слават неговото светителство„ - за 7-9 одд.

- Историја
- Инфомратика
- Нашата татковина
- Физика, Хемија
- Англиски јазик
- Француски јазик.

➢ **Општински натпревари:**

Математика
Англиски јазик
Француски јазик
Биологија
Природни науки.

➢ **Регионалени натпревари:**

Математика
Македонски јазик
Англиски јазик
Музичко образование – Натпревар на хорови И оркестри- колективна награда-Прво место
Натпревар Вокален солист- Прво место и второ место(Мила Пеовска, Јована Стамеска)
Природни науки
Натпревар во Футсал машки
Натпревар голем фудбал, женски – Прво место
Натпревар по сообраќај

➢ **Државен натпревар:**

Државна изложба на детски ликовни творби во Битола на тема:
„Народната култура како трајна инспирација во моето творештво”(освоени две награди за „најуспешни ликовни творби’’) ,
Биологија- освоено прво место – Симона Трајкоска
Македонски јазик- Прво место – Мартина Танеска
Англиски јазик(спелување) –Мировен корпус).
Натпревар голем фудбал женски – Трето место
Натпревр по сообраќај

➢ **Меѓународен натпревар** по математика Кенгур 2016
Литературен натпревар „Дечије царство„ - Меѓународен фестивал на детска поезија -Бањa Лука 2017





***Ученички конкурси***

***Литературен  конкурс***

- *„ За тебе пеам за тебе пишувам’’-(Фондација – меморијален центар Никола Кљусев)*
- *„ Св. Климент и моќта на словото„- (организиран од МОН  за 6-9 одд.)*
- *Детски лирски треперења на слободна тема(Сојуз за грижа и воспитување на децата во Македонија)*
- *Иста цел различни патеки*
- *„Христо Узунов“*

***Ликовен конкурс на тема:***

"И јас станав член на детската организација"

I одделение.

"Народната култура како трајна инспирација во моето творештво" –

Детски денови .

"Фолклорот и народното творештво како трајна инспирација"

Ликовна работилница на слободна тема, графичка работилница.

***Турнири***

- Турнир во мал фудбал за учениците од прво одделение, второ и трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одд. (октомври, ноември, мај)
- Турнир во мини фудбал за учениците од прво до трето одделение по повод Детската недела. (декември, мај )

  Преку училишниот спортски клуб Климент Охридски 2014 е организиран регионален натпревар во Футсал машки.



## 2. 3.3 Ученички екскурзии

Беа изведени екскурзии од научно - рекреативен и научен карактер.

Од научно - рекреативен карактер се изведени две екскурзии до блиската околина со учениците од I до IX одделение и тоа на ден 29.09.2016 и на 22.04.2017



Во согласност со правилникот за изведување на екскурзии и летување бр.10-404/1 од 1.11. 2010 година и бр.19-2250 од 05.03.2013година од страна на Училишниот одбор беше формиран Училишен тим за изготвување на програми за екскурзии и летување .

Беа изготвени програми за изведување на:

- Еднодневна екскурзија од наставно – научен карактер со учениците од трето одделение;
- Дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение;
- Еднодневн екскурзија од наставно научен карактер со учениците од деветто одделение;
- Програма за летување во Охрид за учениците од VI – IX одд.

Изготвените програми добија позитивно мислење од Советот на родители, Советот на локалната самоуправа и Бирото за развој на образованието а Училишниот одбор го одобри изведувањето на сите три екскурзии и летувањето на учениците во Охрид.

Еднодневната екскурзија со учениците од трето оделение беше реализирана на 26.05.2017 година

Дводневната екскурзија со учениците од шесто одделение се реализираше на 30-31.05 2017 година

Од при;ини Што се пријавија мал број на ученици не беШе организирана тродневна екскурзија со у;ениците од деветите одделенија но истата беШе редуцирана во еднодневна и се реализираше еднодневна екскурзија од наставно научен карактер со учениците од деветто одделение реализирана на ден 07.06.2017 година.

Училиштето во соработка со агенцијата со која беа реализирани екскурзиите на неколку ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства им обезбеди бесплатно одење на екскурзија.

Исто така во текот на летниот одмор на учениците им беше понудено да се реализира програмата за летување на учениците на брегот од Охридското Езеро но истата не се реализира од причини што немаше пријавено доволен број на ученици.

### *2.3.4. Заедница на учениците*

Заедница на учениците – зеде активно учество во секојдневната работа на училиштето, организирањето на јавни манифестации при одбележување на позначајни настани, креирањето на забавно – спортскиот живот во училиштето а претставник на учениците ја следеше работата на одделенскиот совет.

## 3 ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Планираните наставни содржини од областа на Грижа за здравјето на учениците опфатени во Наставните програми по наставните предмети, според искажувањето на наставниците по одржаните Одделенски совети, на крајот од учебната година се во целост реализирани.

На часовите на одделенскиот раководител беа реализирани и содржини од програмата **Животни вештини.**

***Реализирани се*** редовни лекарски и стоматолошки прегледи, вакцинации и ревакцинации и тоа:

- Систематски прегледи за учениците од I, III, V , VII и IX одд.
    - - општ лекаски преглед
    - - лабараториски преглед
    - - стоматолошки преглед
- Вакцинирање
    - прво одделение - (мали сипаници, рубеола, заразни заушки)
    - второ одделение (туберколоза, со тестирање, 1 доза)детска парализа (1 доза) ; дифтерија, тетанус (1 доза)-
    - прво одделение ревакцинирање,;
    - второ одделение ревакцинирање;
    - трето ревакцинирање
    - 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза –
    - четврто одделение; инфекции со хумана папилома вирус(само за девојчина, 3 дози) – вакцинирање; 14 години рубеола (само девојчиња)(1 – второ одд. Ревакцинирање доза); сетска парализа (1 доза); дифтерија, тетанус(доза); четврто одд. Ревакцинирање.
- Предавање на тема „Орална хигиена и орално здравје’’ - предавач Д-р Павлина К. Блажеска 02.12.2016 за превенција и заштита од вирусот А Х1 Н1
- HPV вакцина на ученичките од 12 годишна возраст
- Предавања од лекари од Здравствениот дом Македонски Брод
- Вакцина и ревакцина на учениците од I,II ,V ,VII и VIII одд.
- Предавање на тема „ Како да се заштитиме од грип и настинка”
- Предавање на тема „ Не сакам дрога ” за учениците од осмо и деветто одделение
- Превземање на соодветни мерки за заштита од грип и настинки во соработка со заводот за здравствена заштита
- За хигиената во училиштето се грижеа сите вработени и учениците одржувајќи ги секогаш чисти просториите во кои престојуваа.

# 4 СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Соработката со локалната средина оваа учебна година се оствaруваше преку:

- Одржување на редовни наставничко - родителски средби
- Одржување на групни наставничко-родителски средби со одделенски раководители, стручни соработници, директор, родители и ученици.
- Индивидуални средби и тоа: родители - наставници, родители – стручни соработници, родители – директор,
- Работа на Советот на родители на ниво на училиште и на ниво на паралелки
- Работа на Училишниот одбор

Во согласност со програмата за работа на училиштето реализирани се планираните родителско наставнички средби при што на родителите им беа соопштувани информации во врска со животот и работата на училиштето, успехот и поведението на учениците, избор на Совет не родители на паралелката, избор на член во Советот на родители на училиштето, осигурувањето на учениците, соработка на одделенскиот раководител со родителот.

Во текот на учебната година беа реализирани голем број на групни средби со родители и ученици на кои се разговараше за проблемите: ученици кои се нередовни во наставата, проблем – ученици, организација на работата во паралелката. На овие средби беа присутни: директорот, помошник директорот, педагогот, психологот, дефектологот, одделенските раководители, родители и ученици.

Согласно измените во Законот за основно образование психологот во училиштето реализираше групни советувања со родители чии што деца покажуваат несоодветно однесување, имаат повеќе од три слаби оцени и имаат направено повеќе изостаноци.

Особена соработка во текот на учебната година училиштето имаше со следните локални субјекти: Локалната самоуправа заедничко учество во проектот за подобрување на условите за работа во училиштето и уредување на училишниот двор; учество во акцијата „Ден на дрвото”, „ Ајде Македонија-Македонија без отпад’’, „Костенијада 2016’’, Дом на културата – учество во културниот и забавниот живот, изложби и претстави. Еколошко друштво “Треска” преку изведување на разни еколошки акции за чиста и здрава животна средина. Дирекција за заштита и спасување, Здравствениот дом, Детската градинка, Средното училиште и Совет за безбедност на сообраќајот. И оваа година особена соработка училиштето имаше со приватната фирма Рудпроинг-Мустакас при што од нивна страна беа обезбедени финансиски средства за наградување на четири најдобри ученици по еден од шесто, седмо„ осмо и деветто одделение.

Вклучувајќи се во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието остварена е соработка со партнер училиштето Пере Тошев од с.Десово и со истото се реализирани заеднички активности.



Остварена е и соработка со бугарскиот Конзулат со чија помош се финансираше и реализира проектот „Инсталација на топлотно греење во ПУ Манастирец’’.

Продолжена беше и соработката со збратименото основно училиште од градот Халинов Република Полска.

## 5 СТРУЧНО И ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Стручното усовршување на наставниот кадар и стручните соработници се оствaруваше преку: индивидуално стручно усовршување со следење на стручна литература и списанија, интерно стручно усовршување со работа на стручните активи, екстерно стручно усовршување со посета и учество на семинари, советувања организирани од Бирото за развој на образованието и други институции.

Индивидуалното сручно усовршување на воспитно образовниот кадар во училиштето се оствaруваше преку следење на едукативните веб страни преку интернет стручна литература и списанија.

Интерното стручно усовршување воспитно образовниот кадар во училиштето го оствaруваше во рамките на работата на стручните активи преку реализација на Методички работилници за соодветни стручни теми, преку поставување на теми за разговор, како и за размена на искуства меѓу наставниците од добри примери од практика. Тимот за професионален развој го согледуваше, планираше и организираше интерното стручно усовршување на наставниците. Овој тим организираше и обука на темаПримена на Наставната програма за реализација на наставните содржини по Кембриџ“

Екстерното стручно усовршување се вршеше преку соработка со Бирото за развој на образованието кое организираше семинари за унапредување на воспитно образовната работа, прифаќање проекти и нивно проширување. . Со наставниците по одделенска и предметна настава кои во Учебната 2016/17

година ќе изведуваат настава од седмо до деветто оделение одржана е обука за примена на наставните програми по Математика ,Биологија,Физика и Хемија по Кембриџ. Обуката беше одржана во училишта во Прилеп и Кичево од страна на советници од БРО.

Од почетокот на 2014 година училиштето е вклучено во третата фаза од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во февруари формиран е тим за училишна интеграција кој посетуваше обуки организирани од БРО, УСАИД и МЦГО а потоа беше извршена дисеминација на ниво на училиште. Овој проект продолжува и оваа учебна година со тоа што се најде партнер училиште ООУ „Пере Тошев“ од Десово и со ученици од мешан етнички состав заеднички беа реализирани активности од проектот. Од страна на тимот оваа учебна година е извршено сертифицирање на сите наставници кои имаа аплицирано за сертифицирање.

Пристап во реализирањето на новите наставни Планови и програми во одделенска и предметна настава и запознавање со реализацијата на наставните програми по изборните предмети. Обука за користење на Е-дневник, обука за користење на современи микрософт алатки.

## 6. СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

### *6.1 Наставнички совет*

Наставничкиот совет како највисок стручен орган одржа десет состаноци во деновите: 24.08.2016г., 11.11.2016г., 30.12.2015г., 13.01.2017г., 11.04.2017г., 12.06.2017г., 16.06.2017г., 28.06.2017г., и 22.08.2017г.година. За сите одржани состаноци на Наставничкиот совет се водени записници во посебна книга за таа намена. Во текот на Учебната 2016/17 година Наставничкиот совет во целост ја реализира програмата предвидена во Годишната програма за работа а во рамките на своите задачи предвидени во член 140 од Законот за основно образование. Дел од реализираните задачи на наставничкиот совет: Утврдување на паралелките, распоредување на наставниците по наставни предмети, одделенски раководства, одговорни наставници за ученички организации, слободни ученички активности, информации за изработка на проекти, информации за прифатени проекти, договор за одбележување на денот на училиштето, согледувања на постигнатите резултати од училишните натпревари , анализа на резултатите по првиот и третиот класификационен период, утврдување на полугодишниот и годишниот успех на учениците, разгледување и утврдување на полугодишниот и годишниот извештај.

### *6.2. Одделенски совет*

Програмата за работа на Одделенските совети предвидена во Годишната програма за работа на училиштето во целост е реализирана.

Во текот на учебната година одржани се четири состаноци на советите на одделенски и предметни наставници во деновите: 07.11.2016г; 29.12.2016г; 04.04.2017г.; 09.06.2017година.

Состаноците на Одделенските совети со дневен ред и записници се евидентирани во Одделенските дневници на секоја паралелка.

## *6.3 Стручни тела ( активи, стручен совет- тим)*

### *6.3.1.* ***Стручни активи***

Оваа учебна година во училиштето функционираа пет стручни активи и тоа:

- Стручен актив на одделенска настава од I до III одделение - претседател Маријана Ставреска
- Стручен актив на одделенска настава од IV и V одделение претседател Драгана Златеска
- Стручен актив по Македонски јазик и странските јазици- претседател Соња Спироска
- Стручен актив по природните науки - претседател Милисав Димоски
- Стручен актив на општествени науки и вештини - претседател Владе Угриноски

Сите пет стручни активи во оваа учебна година во целост ги реализираа своите годишни програми и зедоа активно учество за успешно одвивање на воспитно-образовниот процес.

### *6.3.2* ***Стручен совет - тим***

Стручниот совет како стручно и консултативно тело и оваа учебна година со своето работење остави силен впечаток. Стручниот совет работеше според изработената програма и истата во целост ја реализира.Разгледувајќи и третирајќи ги сите активности од својот делокруг на работа придонесе да се надминат сите потешкотии во реализирањето на воспитно - образовниот процес. Со овој тим раководеше директорот и во текот на учебната година се одржаа 10 состаноци и тоа на 30.09.2016г.; 28.10.2016г.; 25.11.2016г.; 23.12.2016г.; 11.01.2017г.; 24.02.2017.; 30.03.2017г.; 27.04.2017г.; 26.05.2017г. и 29.06.2017 година.

## *6.4 Совет на родители*

Советот на родители организирано ги остваруваше интересите на учениците во нашето училиште. Советот на родители работеше по програма донесена од самите членови и во голема мера придонесе за успешна реализација на целокупната работа на училиштето, а пред се во воспитно образовниот процес. Активно работеше и комисијата за јавни набавки каде што финансираат родителите формирана од страна на советот и во оваа учебна година одржа четири состаноци и тоа на: 30.08.2016г.; 19.10.2016; 22.02.2017; 12.04.2017 година. На иницијатива од Советот на родители одбрана е и набавена работна облека за учениците од прво одд. каде сами финансираа. Претставници на родителите активно беа вклучени во работата на училишниот одбор и во проекти што беа реализирани и што се во тек како што се проектот за добивање на зелено знаме и проекти од училиштео за реновирање на училиштето и уредување на училишниот двор.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

## *7.1. Директор*

Директорот со своето целокупно работење ја унапредуваше училишната клима и ја следеше севкупната работа на училиштето раководејќи со реализацијата на годишната програма. Неговите активности беа насочени кон извршувањето на работните задачи, перманентно следење на воспитно образовниот процес, анализа и вреднување на резултатите од работата.

Во рамките на Административно- организаторската работа директорот ја организираше и контролираше целокупната работа на училиштето која беше во склад со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Успешно ја организираше работата на административно – техничкиот персонал за обезбедување на материјално финансиски и хигиенски услови за работа.

На почетокот на учебната година пристапи кон планирање на бројот на наставници, одделенски раководители, додатна и дополнителна настава, слободни ученички акривности. Пристапи кон изготвување на Распоред на часовите, Годишна програма за работа на училиштето, Сопствена програма за работа како и програма за работа на Училишниот одбор и Советот на родителите на учениците.

Работеше на прифаќањето на нови проекти во училиштето и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи.

Во текот на учебната година врз основа на сопствената годишна програма за работа директорот го следеше одвивањето на наставниот процес, слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава. Од увидот во работата на воспитно-образовниот кадар директорот може да констатира дека изведувањето на наставата е на завидно ниво. Исто така преку состаноците на стручните органи и тела ја следеше и унапредуваше работата во училиштето, организираше стручно усовршување на воспитно образовниот кадар преку интерни и екстерни семинари и советувања, соработуваше со локалната средина преку индивидуални и групни средби со Советот на родители, Училишниот одбор и институции кои се поврзани со воспитно-образовниот процес. Директорот при реализација на програмата успешно соработуваше со помошник директорот и стручните соработници. Активно учествуваше и раководеше во изготвувањето на сите видови планирања за успешно започнување на новата учебна година. Вршеше контрола на планирањата на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација, Е- дневникот и даваше насоки и помош при отстранување на пропустите. Преку посета на наставните часови го следеше одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар даваше насоки за подигање на квалитетот на истиот. Акцент на својата работа директорот посвети на реализацијата на проектите. Како резултат на тоа имаме успешно презентирање преку јавните и културните манифестации во училиштето и надвор од него.

Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на програмираните задачи. На полето на стручното усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на наставата ги следеше со успех семинарите наменети за директори.

На наставниците почетници им обезбеди менторство од редовите на наставниот кадар во училиштето а на студентите од универзитетите во Република

Македонија им овозможи во училиштето во соработка со наставниот кадар да извршат хоспитација.

За унапредувањето на воспитно образовната дејност успешно соработуваше со Бирото за развој на образование а посебно со одговорниот советник за училиштето, Државниот просветен инспекторат, преку Центарот за граѓанска иницијатива соработуваше со разни невладини организации, Здравствениот дом, Културниот дом, Детската градинка. Центарот за социјални грижи и сл.

Директорот ги координираше и сите активности за продолжување на меѓународната соработка на училиштето со збратименото основно училиште од градот Халинов Република Полска и меѓународна соработка со збратименото училиште Крал Петар - Белград Република Србија преку организацијата на еко училишта во која како у;илиште со освоено зелено знаме членува и нашето училиште.

Особено се ангажираше да обезбеди спонзорирање на училиштето преку доставување на барања до разновидни фондации, приватни фирми, локалната самоуправа, министерството за образование и наука, агенцијата за спорт и млади и др.

## *7.2 Помошник директор*

Целокупната активност на помошник директорот беше насочена кон подобрување на квалитетот на работата на училиштето и кон постигнување на подобри резултати. Посебно внимание беше посветено на воспитно образовниот процес како основа на работата на училиштето во планирање координирање и реализација на активностите. Активно учествуваше во подготовка на состаноците на стручните органи и тела во училиштето. Одговорен е за Планот за заштита и спасување, еко координатор и претседател на комисијата за јавни набавки. Учествува во планирање и изведување на сите видови распореди. Активно учествуваше во соработката со локалната самоуправа, во соработка со родителите и организација на Советот на родители. Перманентно следење и ажурирање на педагошката евиденција како и електронската преку е-дневникот и ЕМИС и ХРМ податоците, посета на часови кај наставниците.

При реализацијата на целокупната активност главна соработка имаше со директорот како и стручните соработници и наставниците.

## *7.3 Училишен одбор*

Училишниот одбор работеше според програмата за работа и одржа девет состаноци и тоа на 30.08.2016г. ; 21.10.2016г.; 15.11.2016г. ;18.01.2017г.; 23.02.2017г.; 30.03.2017г.; 27.04.2017г.; 18.05.2017г.; 22.06.2017 година.

Реализирајќи ја својата годишна програма за работа училишниот одбор во целост ги задоволи потребите како орган на управување со училиштето донесувајќи одлуки во согласност со законските прописи.

## *7.4. Стручни соработници*

Стручни соработници во училиштето се педагогот, психологот, дефектолог и библиотекарите.

Педагогот , психологот и дефектологот во целост ги реализираа своите програми за работа и беа ангажирани околу правилното водење на педагошката евиденција и документација, советодавно консултанска работа со наставниците, следење на воспитно - образовната работа, изготвување на стручни материјали, аналитичко истражувачка работа. Советодавно следење на учениците и овозможување тие да напредуваат според нивните можности.

Педагогот , психологот и дефектологот ги реализираа своите програмски задачи според Годишната програма за работа. Учествуваа во изработка на: Годишната програма за работа на училиштето, Полугодишните и годишните извештаи, Анализи по тримесечија , Годишната програма за својата работа. Работеа на уписот на учениците во прво одделение, формирање на паралелки во прво и шесто одделение, во прифаќањето и распоредувањето на новодојдените ученици. Соработуваа со наставниците при информирањето за индивидуалните карактеристики на учениците, помагаа во откривањето и следењето на надарените ученици и нивна афирмација во училиштето и надвор од него. Голем дел од своето работно време насочија кон следењето на учениците кои покажуваат асоцијално поведение,доцнат на наставата и покажуваат слаб успех. Притоа соработуваа со нивните родители, наставниците и директорот во отстранувањето на овие негативни појави применувајќи индивидуални, групни форми на советодавна работа и педагошки и психолошки работилници. Професионалната ориентација ја остварија со учениците од деветтите одделенија преку организирање и следење на истражувањата и презентациита од страна на Агенцијата за вработување и Средното општинско училиште „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод. Своето стручно усовршување го остварија преку следење на стручна литератураи списанија, преку учество во работата на Стручните активи, преку обука за реализација на горенаведените проекти. Уредно ги водеа Професионалните досиеја на наставниците, својата педагошка евиденција и документација, ученичките досиеја, евиденција на ученици кои се запишале/испишале во текот на учебната година. Во својата работа остварија соработка со директорот, помошник директорот, наставниците, родителите и со институции кои се поврзани со работата на училиштето.

Педагошко психолошката служба перманентно ги следеше дневните подготовки на сите наставници кои по електронски пат ги испраќаа до нив и секоја седмица поднесуваа извештај до директорот.

Педагогот преку целата учебна година ја следеше и целокупната работа на оделенските наставници и работата на одделенската заедница, а психологот работата на предметните наставници и според Законот за основно образование организираше советувања со родителите на учениците кои покажуваат послаб успех, направиле повеќе од десет неоправдани изостаноци или за несоодветно однесување. Дефектологот во целост ја реализираше својата програма за работа со ученици со посебни образовни проблем и ученици кои имаа тешкотии во учењето и однесувањето во училиштето и надвор од него.

Од страна на педагогот психологот и дефектологот е извршена посета на часови и проверка на дневните подготовки со цел да се овозможи поцелосно согледување и реализирање на целите во наставата.

Библиотекарот на училиштето во текот на работата успешно соработуваше со наставниот кадар на полето на популаризација на книгата меѓу учениците и зголемување, инвентирање и одржување на библиотечниот фонд. Работеше во издавањето на книги на учениците и тесно соработуваше со наставниот кадар информирајќи го за библиотечниот фонд и новите изданија. Ја координираше работата при приемот на бесплатните учебници и враќањето на истите во училишната библиотека. Се грижеше за снабдување на учениците со

списанија и им помагаше во изнаоѓање на соодветни содржини за изработка на ученички проекти произлезени од реализација на наставата. Со Годишната програма за работа на училиштето Библиотекарот беше задолжен и за водење на библиотекарска секција што не беше реализирана во целост , и не зеде активно учество во реализацијата на јавната и културна дејност и годишните приредби на училиштето.

## 8. ПРОГРАМА ЗА ВОСПИТНА РАБОТА

Покрај образовната компоненета и во оваа учебна година се посвети големо влијание и на воспитната работа со учениците со која беа опфатени две компоненти :

***Работа на учениците во училиштето и нивни активности:***

Со оваа компонента беа опфатени следниве активности:

- Стекнување навика кај учениците за учење и редовна изработка на домашните задачи,
- Грижа за компјутерската опрема која е инсталирана во секоја училница
- Грижа за хигиената во училиштето, одржување на спортските терени и организирање на спортски натпревари
- Грижа за училишниот парк , негување на дрвцата посадени во училишниот парк, одржување на катчињата во училишниот парк.
- Организирање работни и собирни акции и нивно реализирање.

***Однесување на учениците во училиштето:***

- Активности опфатени со оваа компонента:
- навика за совесно, културно и дисциплинирано однесување,
- вклучување на учениците во изработката на правила на однесување
- потикнување на учениците за секојдневно свесно и дисциплинирано однесување според училишните норми и надвор од него.

Со цел подобрување на воспитната компонента Стручниот тим и педагошко - психолошката служба изработија:

- Кодекс на однесување на учениците
- Кодекс на оценување на наставниците
- Правилник за елементарно однесување на наставниците

## *9. УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА*

Оценувањето на учениците преку целата учебна година беше објективно, непристрасно и транспарентно а исто така и постигнатиот успех на учениците во оваа учебна година е објективен и издржлив во однос на добиените знаења на учениците.

Првиот воспитно образовен период ги опфаќа учениците од I до III одделение каде што има вкупно 188 ученици од кои 185 македонци и 3 роми и сите ученици описно се оценети.

Во вториот воспитно образовен период од IV до VI одделение има вкупно 162 ученици од кои 156 Македонци и 6 Роми. Сите ученици се бројчано оценети. Средниот успех по паралелки и одделенија е следен:

**Четврто одделение среден успех 3,91**

1. Четврто еден одделение среден успех 4,29
2. Четврто два одделение среден успех 4,32

3. Четврто одделение ПУ Самоков среден успех 3,93
4. Четврто одделение ППУ среден успех 4, 27
5. Четврто одделение Манастирец среден успех 3,81

**Петто одделение среден успех 4,03**

1. Петто еден одделение среден успех 4,36
2. Петто два одделение среден успех 4,29
3. Петто ПУ Самоков среден успех 3,95
4. Петто ПУ Манастирец среден успех 3,85
5. Петто одделение ППУ среден успех 3,70

**Шесто одделение среден успех 3,83**

1. Шесто еден одделение среден успех 4.07
2. Шесто два одделение среден успех 4,15
3. Шесто одделение ПУ Манастирец среден успех 3,61
4. Шесто одделение ПУСамоков среден успех 3,24

**Среден успех од IV до VI одделение 3,92**

**Третиот** воспитно образовен период го сочинуваат учениците од VII, VIII и IX одделение,во кој има вкупно 148 ученици од кои сите 146 се македонци и 2 Турци. Сите ученици се бројчано оценети. Средниот успех по паралелки и одделенија е следен:

**Седмо одделение вкупно 51 ученици среден успех 4,02**

1. Седмо еден среден успех 4,12
2. Седмо два одделение среден успех 4,26
3. Седмо ПУ Манастирец среден успех 4,14
4. Седмо ПУ Самоков среден успех 3,58

**Осмо одделение вкупно 49 ученици среден успех 3,89**

1. Осмо еден одделение среден успех 3,90
2. Осмо два одделение среден успех 3,97
3. Осмо одделение ПУ Самоков среден успех 3,98
4. Осмо одделение ПУ Манастирец среден успех 3,73

**Деветто одделение вкупно 62 ученици среден успех 3,82**

1. Деветто еден одделение среден успех 3,87
2. Деветто два одделение среден успех 4,02
3. Деветто одделение ПУ Манастирец среден успех 4,21
4. Деветто одделение ПУ Самоков 3,20

**Среден успех од VII,VIII и IX одделение 3,91**
**Среден успех од I до IX одделение 3,92**

Средниот успех оваа учебна година е за 0,19 поголем од мината учебна година што е резултат на максималното залагање на учениците и воспитно образовниот кадар.

Оваа учебна година се направени вкупно 6964 изостаноци што е за 1057 изостаноци или 13,98 % повеќе од минатата учебна година. Од вкупниот број на изостаноци 5 821 се оправдани а 1112 се неоправдани. Бројот на неоправдани изостаноци е направен од ученичката од VII-2 одделение Анастасија Стојкоска

која од непознати причини отсуствуваше од настава. На крајот од учебната година нејзиниот родител Стојкоски Љупчо поднесе барање за полагање на одделенски испит истиот и беше овозможено и го заврши седмо одделение со општ успех Доволен.

Оваа учебна година за учениците кои постигнаа одличен успех по сите предмети училиштето обезбеди Пофалници, а за четири најдобри ученици по еден од шесто,седмо, осмо и деветто одделение обезбеди еднократни стипендии од по шест илјади денари.

Средствата за овие четири стипендии ги донираше РУДПРОИНГ – МУСТАКАС Македонски Брод во сопственост на Драге Ѓурчиноски.

## 10. ОСТАНАТИ ПРИЛОЗИ

### *10.1. Детска организација*

Детската организација активно учествуваше во спроведувањето на детската недела (Прием на првачињата во детската организација), организирањето на „Велигденски и Новогодишен базар, аукции на разни изработки од учениците наставниците и родителите на учениците, собирање средства по повод денот на гладните, собирање средства за помош на ученици, организирање на Новогодишен караван, организиање на хуманитарни акции, еко патрола во училиштето и градот, учество во училишни натпревари и турнири. училишни забави и сл.




### *10.2. Еко – училиште*

Нашето училиште уште од самиот почеток активно се вклучи во реализација на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” во училиштето функционира Еко одбор. Со формирањето на Еко одборот училиштето ги исполнува критериумите за прогласување на Еко училиште. Како еко училиште со освоено зелено знаме

нашето училиште зеде активно учество во проектот ЕКО ПАКЕТ МАКЕДОНИЈА и на објавениот награден конкурс еден од тимовите на училиштето ја освои наградата за уметнчко дело кое најсоодветно ја пренесува темата со делото ‘Светилникот на Александрија’ и зеде активно учество во ЕКО кампот што се организира од 19-22.06.2017 г. Во Отешево.

Во ова учебна година Еко одборот одржа пет состаноци: 22.09.2016; 24.11.2016; 16.02.2017; 20.04.2017; 04.07.2017 година, на кои беше разгледувано за реализацијата на програмата и идни активности. Во согласно со ЕКО календарот за учебната 2016/2017 година се реализираа следните активности: Прочитан реферат по повод 16.09.2016 Светскиот ден на заштита на Озонската обвивка, 22.09.2016 Меѓународен ден без автомобили, 30.09.2016 г. Македонија без отпад, 02.10.2016 ден на акција на ЕКО Училишта, 08.10.2016 – Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата, 15.10.1016 Меѓународен ден на пешаците, 16.10.2016 Меѓународен ден на храната, 18.11.2016 учество на Костенијада2016 со изложба и штанд за здрава храна, 30.11.16 Ден на дрвото – Засадија својата иднина. Еко училиштето аплицираше за твининг збратимување со други училишта од странство и националниот оператор на програмата „ Еко училиште’’ од Англија, врз основа на повратните информации, нашето училиште направи збратимување со ОУ„ Краљ Петар’’ од Белград, а со тоа училиштето воспостави еко врска за активностите во иднина. Нашето Еко училиште учествуваше во кампањата Outdoor Classroom за прослава и инспирација за игри и учење надвор од училница.




### *10.3.Комисии и тимови*

Во текот на учебната година активно функционираа следниве комисии:

- Комисија за изработка на годишната програма
- Комисија за конкурси
- Комисија за запишување на ученици во прво одделение

- Комисија за организирање на регионален натпревар по Англиски ј.
- Комисија за натпревар по математика за учениците од одделенска настава
- Комисија за културни и спортски натпревари
- Тим за соработка со локалната средина
- Комисија за планирање следење и реализација на отворените часови
- Тим за естетско уредување на училиштето
- Комисија за јавни информации
- Комисија за издавање на училишен весник
- Тим за планирање и организација на аукции од изработки на ученици
- Комисија за организирање на училишни натпревари
- Тим за изработка на проекти
- Комисија за планирање на ученички екскурзии и екскурзии на колективот
- Комисија формирана од советот на родителите ( каде што финансираат родителите)

## 11.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Реализирани проекти:

- Проект Меѓуетничка интеграција во образованието зеднички реализиран со партнер училиштето Пере Тошев од Десово;
- Проект ЕКО УЧИЛИШТЕ и апликација за збратимување со училишта од други земји.
- Проект “Ајде Македонија – Македонија без отпад”;
- Аплицирање во проектот ЕКО ПАКЕТ Македонија, учество на награден конкурс и освојување на наградата за уметнчко дело кое најсоодветно ја пренесува темата;
- Вклучување во проектот организиран од ОХО во соработка со МОН „Ден на акција’’ со реализација на еколошките точки на акција;
- Реализација на проектот Македонија без отпад 2016;
- Продолжување со реализација на проектот – Зелен пакет – Јуниор;
- Продолжување на преоктот G – compris;
- Проект Формативно оценување на учениците
- Проект  Не сакам дрога во соработка со одделението за превенција ПЕ М.Брод - Битола
- Проект за заштеда на енергија  реализиран преку  ЕВН
- Новогодишен и велигденски базар – аукции од учениците за учениците;
- Проект доградба на амфитеатарот на северната страна на училиштето;
- Проект уредување на училишниот парк;
- Проект  заедничка грижа за правилно насочување  на учениците;
- “Ден на дрвото” во соработка со ШС “Сандански” М.Брод;
- Проект “ Почитувај ги правилата, Почитувај го животот”
- Отворени часови – во текот на учебната година;
- “Чекор по чекор”
- Воведување на Крембриџ програмите во деветто одделение
- Перманентно одржување  на Веб страната  на училиштето;
- Издавање на потврди за наставниците кои биле на разни обуки организирани од МОН,  БРО и ПЕП ;
- Изготвување на училишен весник „Гласот на Климент”;

- Проект за продолжување на меѓународната соработка со основно училиште од Полска.

## 12. ЗАКЛУЧОК

***Годишната програма*** за Учебната 2016/2017 година е реализирана со одредени измени во однос на тродневната екскурзија со учениците од деветто одделение која се реализира како еднодневна екскурзија и организираното летување (Слободни ученички активности) со учениците од VI –IX одделение кои не беше реализирано иако беа направени сите неопходни подготовки (изготвена програма, прибрано мислење, одобрено од Училишен одбор) од причини што се пријавија многу мал број на ученици со образложение дека родителите на учениците не се во финансиска можност да ги покријат трошоците.

**Работата во училиштето** во целост може да се карактеризира како исклучително успешна , динамична со следење на сите нови трендови во воспитно образовниот процес .

Оваа учебна година училиштето посебно успешно беше на полето на:

- Планирањето, организирањето и работата на слободните ученички активности, дополнителната и додатната настава
- Резултатите на учениците на државните, регионалните и училишните натпревари и мноштвото јавни и културни манифестации
- Работата на стручните активи
- Примена на стандардите и критериумите при оценувањето
- Апликација на јавниот повик од МОН за „Најбезбедно и најчисто училиште”
- Апликација во проектот еко пакет и освојување наградата за уметнчко дело кое најсоодветно ја пренесува темата.
- Реализација на проектот Инсталација на топлотно греење во ПУ Манастирец подржан и финансиран од бугарскиот Конзул
- Успешна реализација на проектот Меѓуетничко образование со партнер училиштето „Пере Тошев” од Десово
- Меѓународна соработка со основно училиште од Полска

## ***Потешкотии:***

- Немање на адекватно надворешно игралиште за одржување на часовите по Физичко и здравствено образование.

- Поради големиот фонд на часови за учениците од II – IX одделение се наидуваше на тешкотии при одржувањето на дополнителната настава,додатната настава и слободните ученички активности.

- При реализацијата на проектот „Компјутер за секое дете” две училиници во кои се реализира настава иако инсталирани не се опремени со компјутери а бидејќи во училиштето наставата се одржува во една смена за учениците од две паралелки нема компјутери, така што овие ученици беа пренесувани во училниците каде што има компјутери.

- Немање на санитарен чвор во стариот дел на училиштето во кој наставата се изведува за осум паралелки.

## *Препораки за идната учебна година*

- Отвореност на училиштето за прифаќање на нови проекти во образованието
- Да се применуваат сите позитивни искуства стекнати во оваа учебна година
- Учениците постојано да се мотивираат за постигнување на подобри резултати
- Да се продолжи со доделување разни награди и истите колку што е можно да се зголемат со цел да се мотивираат учениците и наставниците за постигнување на подобри резултати на регионалните и државните натпревари
- Да се посвети поголемо влијание на воспитната компонента кај учениците
- Учениците повеќе да се мотивираат за навремено доаѓање на училиште
- Да се потикнува самооценувањето на учениците
- Да се зголеми соработката помеѓу наставниците при изготвувањето на планирањата за да се воспостави корелација помеѓу предметите.
- Да се продолжи и продлабочи меѓународната соработка со основното училиште од Полска и основното училиште од Р Србија.

Јули, 2017г. Претседател на Училишен одбор
Мак.Брод Вера Китаноска

Директор
Тони Ставрески

**ООУ “Св. Климент Охридски”**
**Македонски Брод**

Ул:Партизанска бр33
6530 Македонски Брод,
тел/фах 045 274-131 дан. бр 4018979100435
www.oouklimentohridski.com
e-mail:
oukliment@yahoo.com
ooukliment@t-home.mk
WEB страна:
www.oouklimentohridski.edu.mk